**20222032858**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА ПО ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР ЗА ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ВОДНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА ОПШТИНИТЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по финансискиот договор за Проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 15 септември 2022 година.

Бр. 08-3827/1
15 септември 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА ПО ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР ЗА ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ВОДНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА ОПШТИНИТЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Европската инвестициона банка со заем во износ од 50.000.000 евра, наменет за финансирање на Проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон, се утврдуваат со Финансиски договор за Проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија и Европската инвестициона банка.

Во име на Република Северна Македонија, Финансискиот договор од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3

Заемот од членот 1 од овој закон ќе се повлекува во најмногу 20 транши. Минималниот износ на една транша изнесува 2.000.000 евра.

Каматната стапка ќе се одредува за секоја транша од заемот одделно, на денот на доставувањето на барањето за повлекување на средствата од заемот од страна на Министерството за финансии, во зависност од тоа која каматна стапка е поповолна за Република Северна Македонија (фиксна или варијабилна).

Рокот за отплата на секоја транша од заемот може да изнесува од најмалку четири години до најмногу 25 години од денот на повлекување на траншата, со вклучен грејс-период кој може да биде меѓу 30 дена и пет години од денот на повлекување на траншата.

Рокот за отплата на заемот ќе се одреди за секоја транша, одделно, на денот на доставувањето на барањето за повлекување на средствата од заемот од страна на Министерството за финансии.

Траншата може да се отплати и еднократно на ден кој е меѓу три и 15 години од денот на повлекувањето на траншата.

Република Северна Македонија ќе ѝ плати на Европската инвестициона банка еднократна провизија во висина од 30.000 евра.

Член 4

Проектот ќе го имплементира Министерството за животна средина и просторно планирање.

Член 5

Крајни корисници на средствата од заемот од членот 1 од овој закон се општините и општините во Градот Скопје, кои средствата ќе ги добиваат како донација.

Распределбата на средствата од заемот од членот 1 од овој закон, ќе се врши врз основа на Одлука за распределба на средства согласно со Финансискиот договор за Проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, донесена од Владата на Република Северна Македонија.

Министерството за животна средина и просторно планирање со секоја општина ќе склучува Договор за донација.

Член 6

Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.